# Вести од светот

## ЗА МЛАДИ И ВОЗРАСНИ

2024 • **ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ЕВРОАЗИСКА ДИВИЗИЈА





AdventistMission.org

# Содржина

**На насловната страница:** Виолета не чувствувала дека е подготвена да се крсти кога проповедникот ја повикал да се крсти во Узбекистан. Ова искуство можете да го прочитате на страница 12 од вашето списание.


## УЗБЕКИСТАН

4 Срце за мисионство | 6 април T
6 Скината жица | 13 април T
8 Збогум со минатото | 20 април
10 Боже, помогни ми | 27 април
12 Нерешителност при повик за крштевање | 4 мај
14 Бог навистина постои | 11 мај T

## ГРУЗИЈА

16 Чудо на автобуската станица | 18 мај

## ЕРМЕНИЈА

18 Повикување на случајни броеви | 25 мај

## БЕЛОРУСИЈА

20 Песна | 1 јуни T
22 Денот кој променил сè | 8 јуни T















## РУСИЈА

24 Ова е вистинско време за сведочење | 15 јуни T
26 Училиште полно со чуда | 22 јуни T
28 Програма на 13-тата сабота: Глас од никаде | 29 јуни
31 Идни проекти на 13-тата сабота
32 Редакција на списанието | Карти














T = *Искуства кои се посебно интересни за тинејџерите*

Seventh-day Adventist Church
© 2024 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved
12501 Old Columbia Pike,
Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

# Драги водачи на саботната школа,

Ова тримесечје ќе се фокусираме на Евроазиската дивизија (ЕАД), која вклучува 12 земји: Авганистан, Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Казахстан, Киргистан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Узбекистан.

Во оваа дивизија живеат 292 милиони луѓе, вклучувајќи само 59.522 членови на Христијанската адвентистичка црква. Ова претставува соодност од 1 адвентист на секои 4.902 луѓе.

Допирањето до овие луѓе со евангелската порака е огромен предизвик за малубројните верници кои живеат на оваа огромна територија која опфаќа 11 временски зони. Оваа задача може да се исполни само со Божја помош. Господ Исус нè повикува да работиме. „Тогаш Исус им се приближи и им рече: 'Дадена Ми е сета власт на небото и на земјата. Така одејќи, направете ги сите народи Мои ученици, крштавајќи ги во името на Таткото и Синот и Светиот Дух! Учејќи ги да пазат сè што Сум ви заповедал! И еве, Јас Сум со вас во сите дни до свршетокот на светот. Амин!" (Матеј 28,18-20) Како дел од мисионските напори, ЕАД избра 5 проекти во Ерменија, Белорусија, Грузија, Русија и Узбекистан кои ќе добијат средства од 13-та сабота од ова тримесечје.

Вашата поддршка на мисионството е многу важна за единството на црквата.

## Специјални карактеристики

Ако сакате да ја оживеете вашата Саботна школа, нудиме фотографии и други материјали кои ќе го придружуваат секое искуство за мисијата. Повеќе информации се дадени на страничната лента од секое искуство. Дополнително, можете да ја преземете PDF верзијата со мисионските факти и активности од Евроазиската дивизија на bit.ly/esd-2024. Следете нè на facebook.com/mission quarterlies. Можете исто така да ја преземете и PDF верзијата на тримесечното издание на вестите од светот „Мисија" на bit.ly/adultmission и видеата од Mission Spotlight на bit.ly/missionspotlight.

Ви благодариме што им помагате на членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со своите духовни браќа и сестри насекаде во светот и што ги охрабрувате да учествуваат во мисионството на црквата преку своите дарови.

Ајде да се здружиме во исполнувањето на Исусовиот налог.

Од дното на моето срце, ви посакувам изобилни Божји благослови!



*Ендрју Мекчизни*
*Уредник на списанието*

## Можности

**Даровите на 13. сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за пет проекти на Евроазиската дивизија:**

- Изградба на семеен центар на влијание во Ереван, Ерменија.
- Изградба на центар за влијание за млади во Минск, Белорусија.
- Изградба на здравствен дом „Цкалтубо", Грузија.
- Изградба на социјален и духовен центар во Салехард, Русија.
- Изградба на основно училиште во Ташкент, Узбекистан.





# Срце за мисионство

Артјом

УЗБЕКИСТАН | 6 април 2024

Кога Артјом бил мал, околу 5 години, неколку пати ја посетил адвентистичката црква во Узбекистан со татко му и баба му.

Но тогаш татко му и мајка му се развеле.

Артјом живеел со мајка му, а таа го забранувала одењето во црква. Како и многу луѓе во Узбекистан и други земји на поранешниот Советски Сојуз, таа гледала на адвентистите како членови на некоја секта што се отцепила од христијанската црква.

Артјом не стапнал во адвентистичката црква сѐ до својата 17-та година. Тогаш заминал затоа што татко му му рекол дека е доволно стар и дека треба да се крсти. Артјом почнал да ја проучува Библијата и две години подоцна, му го предал своето срце на Исуса со крштевање. Го сакал Бога со сето свое срце и помагал во црквата околу техниката.

Во меѓувреме, неговата мајка се премажила, а Артјом сѐ уште живеел со неа и очувот.

Еден четврток неговиот очув му забранил да оди во црква за да помогне околу озвучувањето и опремата за музичка проба. Мајката во тој момент била надвор од куќата. „Не смееш да одиш денес“, рекол очувот.

Но, Артјом сакал да оди. Сакал да помогне околу озвучувањето.

„Ќе одам“, одговорил тој. „Не, нема да одиш“, одговорил очувот.

„Ќе одам“, рекол тој повторно.

„Имаш избор“, рекол очувот. „Сѐ ќе биде добро ако престанеш да одиш во црква. Или, можеш да одиш во црква – но потоа земи си ги своите работи со себе и засекогаш напушти ја оваа куќа“.

Артјом си ги зел своите работи и си заминал. Плачел додека одел кон домот на татко му и баба му. Тие срдечно го пречекале.

Живеејќи со татка си и со баба си, Артјом станувал сѐ поблизок со Бога додека се молел и ја проучувал Библијата со часови.

Бил трогнат особено додека го читал ветувањето што го дал Исус. Исечокот гласи: „Исус пак одговори и рече: 'Вистина ви велам: нема никој, кој ќе остави куќа или браќа, или сестри, или мајка или татко, или деца, или ниви, заради Мене и заради Евангелието, а да не прими, сега стократно, во ова време: куќи, и браќа, и сестри, и мајки, и деца и ниви - заедно со гонењата - а во идниот век: вечен живот'“ *(Марко 10,29.30)*.

Артјом оставил сѐ, и изгледало како Исус да му вели: „Биди храбар! Ќе имаш куќа и вечен живот“.

Мирот што го имал Артјом во

својот нов дом се нарушил кога татко му престанал да оди во црква и почнал да пие. Една сабота, тој му кажал на Артјом дека му треба помош на работа. Татко му изработувал мебел дома.

Артјом одбил. „Ајде да го направиме тоа во друг ден“, рекол тој.

Таткото гневно му наредил на тинејџерот да ја напушти куќата. „Оди си оттука!“ свикал тој.

Артјом немал каде да оди. Тогаш добил дозвола од пасторот да живее во адвентистичката црква.

Поминале месеци, и мајка му и очувот го повикале да се врати дома. Му рекле дека може да оди во црква кога сака. Артјом се вратил дома, но тензијата останала. Татко му починал неколку месеци подоцна и Артјом отишол да живее кај својата баба. За сето тоа време се молел и ја читал Библијата. Тогаш еден негов пријател од црквата добил идеја.

„Ајде да се молиме Бог да ти даде некој со кого ќе можеш да ја проучуваш Библијата“, му предложил тој.

Двајцата почнале да се молат. Поминал еден месец. Два месеца, три месеца. Артјом забележал постојан прилив на нови посетители во црквата и на неколкумина им предложил да ја проучуваат Библијата со него.

## Во врска со искуството

- Покажете ја локацијата на Узбекистан на мапата на светот. Потоа прикажете го Ташкент, главниот град на Узбекистан и идната локација на основното училиште, еден од проектите на 13-тата сабота од ова тримесечје.
- Гледајте го краткиот клип за Артјом на YouTube: bit.ly/Artyom-ESD.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзите факти од Евроазиската дивизија: bit.ly/esd-2024.
- Дознајте повеќе за пионерите на светската мисија на Христијанската адвентистичка црква: bit.ly/GMpioneers.
- Следната седмица прочитајте ја сторијата за Артур, момче кое го запознало Бога преку Артјом.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 зборува за концептот на заживување на светската мисија и жртва за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите туку и сите други членови на црквата, млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Мисионската цел број 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта број 7: „Да им помогнеме на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Адвентистите на седмиот ден во Узбекистан страдале од репресиите во 1930-тите. Црквите одржувале богослужениja во тајност, верниците се собирале во мали групи, бројот на проповедници бил недоволен, а нови крштевања спорадични.

Наскоро тој имал мала група која редовно се состанувала.

Додека проучувале, во срцето на Артјом растела желбата да стане мисионер. Уште од своето детство тој слушнал за пионерите на светската мисија, за луѓето кои го шират евангелието во својата култура. Тој се молел да стане пионер на светската мисија.

Потоа отишол кај пасторот да праша како може да стане пионер на светската мисија. Но, пред да ја отвори устата, пасторот му рекол: „Имам добра вест за тебе. Сакаме да те повикаме да станеш пионер на светската мисија“.

Артјом се изненадил! Пасторот одговорил на неговото прашање уште пред тој да го постави истото.

Денес Артјом има 22 години, а негова најголема желба е да им помага на луѓето да се подготват за Христовото скорешно доаѓање.

„Уште сега можам да ги видам првите плодови од мојата работа, животот му го посветив на Бога, а моја цел во животот е да ги доведувам луѓето кај Христа.“

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе помогнат да се изгради првото адвентистичко основно училиште во Узбекистан.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни дарови на 29-ти јуни.”

Ендрју Мекчесни



# Скината жица

**Артур**

УЗБЕКИСТАН | 13 април 2024

Артур се крстил во Узбекистан кога имал 5 години, но не знаел ништо за Бога. Никој не му зборувал за Бога, ниту го водел во црква по крштевањето.

Иако никогаш не размислувал за Бога, тој почнал да носи обетка во форма на крст кога имал 14 години. Мисле дека тоа изгледа добро.

Тогаш Артур ѝ кажал на мајка си дека сака да научи да свири гитара.

Мајка му го однела директно во музичка продавница. Неговиот живот бил бесцелен, и таа мислела дека гитарата би можела да му даде одредена смисла. Артур избрал кафеава електрична гитара.

Дома нашол видеа на YouTube за почетници кои сакаат да научат да свират гитара и почнал да свири. Не било лесно. Притискањето на жиците му предизвикувало болка во прстите. Но, по неколку дена, болката почнала да се намалува. Неговото вежбање и изведба, сепак, не звучеле како оние на YouTube.

Две седмици по купувањето на гитарата, една од жиците пукнала. Артур не знаел како да ја замени жицата, па побарал помош на Интернет. Го нашол телефонскиот број на некој по име Артјом кој нудел часови по гитара.

Се јавил на дадениот број. „Треба да ја сменам жицата“, рекол тој. „Можете ли да ми помогнете?“

Артјом му ја дал домашната адреса на Артур. Адресата му звучела познато. Артур се прашувал каде го слушнал тоа. Потоа се сетил. Неговата мајка работела со еден човек по име Паша на таа адреса. Тие двајца заедно изработувале мебел. Паша умрел во меѓувреме.

„Да не си ти случајно синот на Паша?“ прашал Артур.

„Да, јас сум“, одговорил Артјом.

Следниот ден Артјом му ја заменил жицата на гитарата. Потоа го прашал Артура дали знае како да свири. Артур се обидел да покаже што научил од YouTube, но Артјом го прекинал.

„Запри, запри!“ му рекол. „Свириш погрешни акорди“

Одеднаш, Артур сфатил зошто неговата музика воопшто не звучела како онаа на YouTube. Не свирел како што треба.

## Во врска со искуството

- Покажете ја локацијата на Узбекистан на мапата на светот. Потоа прикажете го Ташкент, главниот град на Узбекистан и идната локација на основното училиште, еден од проектите на 13-тата сабота од ова тримесечје.
- Гледајте го краткиот видеоклип за Артур на YouTube: bit.ly/Artur-ESD.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзите факти од Евроазиската дивизија: bit.ly/esd-2024.
- Дознајте повеќе за пионерите на светската мисија на Христијанската адвентистичка црква: bit.ly/GMpioneers.
- Следната седмица прочитајте ја сторијата за Артур, момче кое го запознало Бога преку Артјом.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7: „Да им помогнеме на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Узбекистан е една од двете држави во светот кои се без излез на море и кои и самите се опкружени со земји кои не излегуваат на море. Друга ваква држава е Лихтенштајн.
- Узбекистан ископува 80 тони злато секоја година.
- Во оваа земја се одгледуваат многу житарки, па лебот и тестенините често се присутни во узбекистанската кујна.
- За правење банкноти во Јужна Кореја се користи узбекистанскиот памук.

Артјом го повикал Артура на часови по гитара. На првиот час изразил забелешка во врска со обетката во облик на крст на увото на Артур. „Дали си христијанин?“ го прашал тој, а Артур одговорил дека не е.

На вториот час, Артјом предложил нивниот следен состанок да биде во една од просториите на локалната адвентистичка црква. Црквата била блиску до домот на Артур, и тој се согласил.

Додека Артур учел да свири на гитара, почнал да поминува многу време разговарајќи со Артјом надвор од часовите по музика. Тој дознал дека Артјом е пионер на светската мисија, мисионер кој го шири евангелието со луѓето во неговата сопствена култура. Тој го прифатил повикот да оди на планинарење со Артјом и со другите адвентисти. Кога планинарите седнале да се одморат, Артур уживал да ги слуша песните што ги пееле. Тој исто така свирел на својата гитара.

Тоа лето Артур отишол во адвентистичкото летувалиште за млади во друг град. Тој се изненадил кога говорникот побарал од учесниците да се поделат двајца по двајца и да се молат.

„Јас сум атеист“, ѝ рекол тој на првата личност што му понудила да се помоли со него.

Таа личност се повлекла. Артур и на следната личност што дошла до него ѝ рекол дека не верува во Бога. „Покрај тоа“, додал тој, „јас никогаш порано не сум се молел.“

Но, оваа личност не си заминала. „Можеме да го средиме тоа“, се чул предлог. Оваа личност го научила Артура како да се моли.

Таа ноќ Артур долго и напорно размислувал за тоа што се случило.

Во сабота се зачудил кога видел крштевање на еден млад човек.

„Се крстив кога имав 5 години“, изјавил тој. „Зошто адвентистите крштеваат возрасни?“

Тој дознал дека адвентистите сметаат дека Библијата учи дека, пред да бидат крстени, луѓето треба да бидат доволно зрели за да ги разберат светите списи и заветот што му го даваат на Бога пред крштавањето.

Следната сабота Артур за прв пат отишол на богослужение во адвентистичката црква што била во близина на неговата куќа. Тоа попладне им се придружил на младите од црквата во активноста делење на училишна опрема за децата кои имаат потреба. Чувствувал како радост му го исполнува срцето и си помисли: „Која е смислата на животот ако не им помагаме на другите?“

Тоа било пресвртница во неговиот живот. Тој веќе не сакал да живее бесцелен живот.

Решил да им помага на другите и уште подобро и поцелосно да го запознае Бога.

Поминале осум месеци откако Артур почнал редовно да оди во црква. Тој ја проучува Библијата и сака да му го предаде своето срце на Исуса со крштевање.

Мило му е што му пукнала жицата на гитарата. „Поверував во Бога поради пукната жица на гитара.“

Дел од даровите на 13. сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за отворање на првото адвентистичко основно училиште во Узбекистан.

Ендрју Мекчесни





# Збогување со минатото

Влад

УЗБЕКИСТАН | 20 април 2024

За Влад животот бил сосредоточен на пари, пари и само пари. Тој добро заработувал кога Советскиот Сојуз се распаднал и Узбекистан се појавил како независна држава во раните 1990-тите. Во текот на тие денови управувал со мала млекарница која произведувала путер, дење, а ноќе водел нелегални собирања за играње карти.

Влад живеел богат живот со сопругата Марина. Од заработените пари купиле неколку станови во главниот град на Узбекистан, Ташкент.

Но потоа бил фатен и испратен во затвор. Сопругата го оставила. Се чинело дека сè се распаѓа. Во затворот Влад за првпат размислувал за Бога. „Ако ми помогнеш, ќе верувам во Тебе“, се молел тој. „Ако не ми помогнеш, нема да верувам во Тебе“.

Еден месец и 18 дена подоцна бил пуштен од затворот. Повторно бил слободен човек. Тогаш била прогласена општа претседателска амнестија.

Влад заборавил на својата молитва и се вратил на своите вообичаени работи. Повторно се оженил и извесно време работел во Јужна Кореја. Потоа се вратил во Узбекистан.

Неговите мисли се вратиле кон Бога кога неговата втора сопруга Аљона почнала да доаѓа на евангелски состаноци во адвентистичката црква во Ташкент. Таа го повикала да дојде со неа.

Откако завршила серијата предавања, тие продолжиле да одат во црква. За Влад животот престанал да се врти само околу парите. Животот сега почнал да се врти околу љубовта – љубовта кон Бога и љубовта кон другите луѓе.

Поминале три години и тој му го предал своето срце на Исуса и се крстил.

## Во врска со искуството

- Покажете ја локацијата на Узбекистан на мапата на светот. Потоа прикажете го Ташкент, главниот град на Узбекистан и идната локација на основното училиште, еден од проектите на 13-тата сабота од ова тримесечје.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзите факти од Евроазиската дивизија: bit.ly/esd-2024.
- Дознајте повеќе за пионерите на светската мисија на Христијанската адвентистичка црква: bit.ly/GMpioneers.
- Следната седмица прочитајте ја сторијата за Артур, момче кое го запознало Бога преку Артјом.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 зборува за концептот на заживување на светската мисија и жртва за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите туку и сите други членови на црквата, млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Цел бр. 2: „Зајакнете го адвентистичкото дело во големите градови, преку прозорецот 10/40, меѓу недосегнатите и недоволно запознаени групи луѓе со адвентистичките учења“. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Узбекистан некогаш бил срцето на „Патот на свилата“, пат меѓу исток и запад преку кој стоките патувале насекаде низ Азија и Европа.

Национално јадење на Узбекистан е пилав, централноазиски пилав кој се состои од ориз и пржен зеленчук. Најчесто се јаде за ручек.

Узбекистан бил освоен од Александар Македонски, кога го зазел Самарканд во 329 пред н. е.

Потоа почнал да работи како пионер на светската мисија, како мисионер кој го шири евангелието на својот народ. Неговиот некогаш голем приход сега се намалил на само неколку стотини долари месечно.

Тестот за неговите нови приоритети во животот дошол кога го контактирала неговата прва сопруга Марина.

„Ние сме косопственици на три стана во центарот на градот“, му рекла таа. „Дај ми ги на мене“.

Марина живеела во еден од становите. Другите два биле празни. Влад живеел со својата втора сопруга во куќата на нејзината мајка. За да ја смени сопственоста, морал да потпише неколку документи кај нотар. „Добро“, рекол тој. „Да се сретнеме кај во нотарската канцеларија, јас ќе ти потпишам и ќе ти ги предадам становите.

Нотарката била полна со прашања. „Дали сте косопственик на овие три стана?“, го прашал Влада.

„Да“, рекол тој.

„Дали разбирате дека вредат неколку стотици илјади долари?“

„Да“, одговорил тој.

„Туку-така ѝ ги давате на својата бивша сопруга?“

„Да“.

„Колку долго сте разведени?“

„Дванаесет години“.

„Каде живеете сега?“

„Со мојата сегашна сопруга кај нејзината мајка.“

Нотарката изненадено го погледнала Влада. Марина се намуртила. Не ѝ се допаднале прашањата на нотарката.

„Што правите?“ ѝ рекла таа. „Не мешајте се во нашите лични работи.“

Службеничката побарала од Влад да потпише дополнителен документ во кој се вели дека сѐ што прави го прави при здрав и чист разум. Потоа го гледала како ѝ ги препишува становите на Марина.

Кога завршил, таа со неверување одмавнала со главата и се свртела кон Марина.

„Додека вашиот поранешен сопруг ја има оваа топла желба да подарува станови, барајте, можеби тој сѐ уште поседува нешто.“

Марина го погледнала Влада. „Имаш ли и нешто друго?“, прашала таа.

„Не, тоа е сѐ што имам“, одговорил тој. Потоа побарал од неа да ѝ прости.

„Прости ми ако на кој било начин сум те вознемирил“, ѝ се обратил тој.

Сега дошло ред на Марина да го погледне Влад со изненадување. „Ти си луд“, му рекла.

На Влад не му пречеле нејзините остри зборови. Со брз чекор го напуштил нотарскиот кабинет со сопругата, но неговото срце било исполнето со радост. Бил среќен што ја предал сопственоста над становите. Тие биле дел од неговиот минат живот што го водел без Бога. Немало потреба да се потсетува на старите патишта.

Влад во едно интервју изјавил дека неговата љубов кон парите е минато. Денес тој го сака Бога и сака да им сведочи за Него на другите.

„Бог се грижи за сите мои потреби“.

Дел од даровите на 13. сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за отворање на првото адвентистичко основно училиште во Узбекистан.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни дарови на 29-ти јуни.

Ендрју Мекчесни



# „Боже, помогни ми“

**Ала**

УЗБЕКИСТАН | 27 април 2024

Како мало девојче, Ала не разбирала што прави нејзината баба кога ќе клекнела пред иконите во нејзиниот дом во Советската Република Узбекистан.

„Се молам“, ѝ рекла бабата.

„Зошто се молиш?“, прашала Ала. „Кому му се молиш?“

„Му се молам на Бога кој живее на небото“, одговорила таа. „Треба да Го сакаме затоа што Тој нѐ сака сите нас. Мораме да се боиме од Него“.

Баба ѝ имала слика од распнувањето на Исус на ѕидот, а Ала прашала кој е тоа.

„Тоа е Исус, нашиот Бог“, рекла бабата. „Дошол на Земјата и луѓето го убиле.“

Тоа било сѐ што малата Ала научила за Бога. Таа немала многу вера, но сфатила дека може да му се моли на Бога. Така, секогаш кога ќе се исплашела поради некоја причина, таа се молела.

„Боже, помогни ми“.

Советскиот Сојуз се распаднал, а Узбекистан станал независна земја. Некогаш мирните улици на нејзиниот град станувале сѐ поопасни, бидејќи тука во текот на ноќта доаѓале пијаници и наркомани. Кога Ала се враќала дома ноќе, се молела: „Боже, помогни ми“.

Ала се омажила и добила момче и девојче. Во нејзиниот град била отворена црква и секоја недела ги носела своите деца таму. Палела свеќи и се молела. Но, секогаш кога ќе излезела од црквата, однатре се чувствувала празно. Ѝ се чинело дека ѝ недостасува нешто.

Еден ден некој пријател ѝ подарил книга. Тоа била книгата Патријарси и пророци. Ала никогаш порано не слушнала за авторката Елена Вајт. Но била одушевена од нејзиното живописно прераскажување на настаните од Стариот завет. За прв пат прочитала дека седмиот ден е Господова сабота. Таа имала сѐ поголема желба да оди во црква која одржува богослужение во седмиот ден, во сабота. Но, каде да најде таква црква?

Поминале неколку години. Тогаш на гости дошла една нејзина стара пријателка од друг град, поранешна другарка од нејзиното одделение. Таа ѝ кажала на Ала дека ја празнува саботата во адвентистичката црква на седмиот ден. Ала била изненадена и многу се израдувала. Се прашувала: „Дали навистина има луѓе во Узбекистан кои го празнуваат седмиот ден, сабота?

Нејзината пријателка, која некогаш била атеист, со големо одушевување зборувала за тоа како дознала за Бога и како сега го сака со сето свое срце.

За Ала, нејзината пријателка била сосема нова личност. Таа не била воопшто слична на она што била порано.

По извесно време таа отишла на возвратна посета кај нејзината пријателка, која живеела неколку часа патување со автобус од Ала. Тие отишле заедно во адвентистичката црква во саботата. Нејзе ѝ се допаднало сѐ во врска со тоа. Но црквата била премногу далеку за да оди секоја сабота.

„Боже, помогни ми ", се молела Ала.

Тогаш ќерката на Алина, Виолета, се омажила и се преселила во главниот град на Узбекистан, Ташкент.

Потоа сопругот на Ала починал, па таа се преселила во Ташкент за да биде со Виолета. Од својата пријателка адвентистка дознала дека во Ташкент има три адвентистички цркви.

Ала и Виолета почнале да одат во црква секоја сабота. Еден член на црквата им предложил да ги проучуваат основните библиски вистини, а мајката и ќерката набрзо ги завршиле сите 28 лекции. Ала почнала да размислува за тоа да му го даде своето срце на Исус со крштевање.

## Во врска со искуството

- Покажете ја локацијата на Узбекистан на картата на светот. Потоа прикажете го Ташкент, главниот град на Узбекистан и идната локација на основното училиште, еден од проектите на 13. сабота од ова тримесечје. Прикажете го Заокски во Русија, кој се наоѓа малку јужно од Москва. Тамошниот адвентистички универзитет, чиј декан одржал серија евангелски предавања во Ташкент, бил дел од проектите на 13-тата сабота пред три години. Со тој проект е изградена нова училишна зграда за основно и средно училиште во кампусот на Адвентистичкиот универзитет Заокски.

  Погледнете го краткиот видеоклип на YouTube со Ала во кој таа опишува како го запознала Бога: bit.ly/Alla-ESD.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзите факти од Евроазиската дивизија: bit.ly/esd-2024.
- Прочитајте ја приказната за ќерката на Ала, Виолета, во вашето мисионско списание следната седмица.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Цел бр. 2: „Зајакнете го адвентистичкото дело во големите градови, преку прозорецот 10/40, меѓу недосегнатите и недоволно запознаени групи луѓе со адвентистичките учења". Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: IWillGo 2020.org.

## Брзи факти

- Аралското Море некогаш било четврто по големина внатрешно море на Земјата, но од 1960-тите до денес се намалило на околу 10% од својата поранешна големина кога започнала прекумерна експлоатација на неговите води.

„Боже, помогни ми да ја донесам вистинската одлука“, се молела таа.

Во тоа време претседателот на адвентистичкиот универзитет Заокски, од Русија, дошол во Ташкент за да одржи серија евангелски предавања.

Кога од проповедалната упатил повик за крштевање, таа прва одговорила и излегла напред. Ала и нејзината ќерка се крстиле заедно со уште осум души.

Денес Ала и Виолета се ѓаконки во црквата. „Драго ни е што му служиме на Бога!“ изјавуваат и двете.

Бог ги слушнал молитвите на Ала. Тој ѝ помогнал, и го исполнил нејзиното срце со радост.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за отворање на првото адвентистичко основно училиште во Узбекистан.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни средства на 29-ти јуни.

Ендрју Мекчесни



# Нерешителност при повик за крштевање

**Виолета**

УЗБЕКИСТАН | 4 мај 2024

Виолета не се чувствувала подготвена за крштевање кога еден адвентистички проповедник упати апел за време на еден евангелски состанок во Ташкент, главниот град на Узбекистан.

Таа сметала дека нејзиното знаење за Библијата не е доволно. Повикот на проповедникот до луѓето да му го предадат целиот свој живот на Бога, ѝ се чинел преголем.

„Не можам да го сторам ова!“ помислила. „Нема да го сторам тоа!“

Виолета веќе некое време одела на богослуженијата со својата мајка во адвентистичката црква. Заедно со една мала група, тие две го завршиле проучувањето на основните библиски вистини.

Во тоа време, деканот на адвентистичкиот теолошки универзитет Заокски од Русија дошол во Ташкент да одржи серија евангелски состаноци. Кога ги повикал луѓето да му го предадат своето срце на Бога со крштевање, мајката на Виолета била прва што одговорила на тој повик. Тогаш Виолета го видела 14-годишниот син на пасторот на црквата како одговара на повикот. Потоа и трето лице зачекорило напред. Но Виолета не се поместила. „Не“, помислила таа.

„Нема сега да се крстам“.

Следната вечер, проповедникот го повторил повикот. Виолета се сетила дека една пријателка од црквата ја охрабрила да се крсти, велејќи: „Ако си ги проучила основните библиски вистини, можеш да се крстиш“.

Но таа не се чувствувала спремна. Чувствувала дека не ја знае Библијата доволно добро.

Кога проповедникот го упати својот апел, ѝ се чинело дека гледа директно во неа. Таа цврсто одмавнала со главата во знак на негирање.

Последната вечер од серијата предавања, проповедникот го упатил последниот повик. „Кој сака да му го предаде своето срце на Исуса со крштевање?“, прашал тој.

Виолета се прашувала што да прави. Таа била уверена дека адвентистичката црква ја поучува само вистината од Библијата. Но, таа сè уште не се чувствувала подготвена.

Проповедникот ги повикал луѓето кои ги прифатиле и одговориле на неговите апели претходните вечери, да се приближат поблизу до проповедалната. Мајката на Виолета и уште десетмина излегле

## Во врска со искуството

- Покажете ја локацијата на Узбекистан на картата на светот. Потоа прикажете го Ташкент, главниот град на Узбекистан и идната локација на основното училиште, еден од проектите на 13-тата сабота од ова тримесечје. Прикажете го Заокски во Русија, кој се наоѓа малку јужно од Москва. Тамошниот адвентистички универзитет, чиј декан одржал серија евангелски предавања во Ташкент, бил дел од проектите на 13-тата сабота пред три години. Со тој проект е изградена нова училишна зграда за основно и средно училиште во кампусот на Адвентистичкиот универзитет Заокски.

  Погледнете го краткиот видео-клип на YouTube, во кој Виолета го опишува своето искуство од евангелските состаноци: bit.ly/Violeta-ESD.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзите факти од Евроазиската дивизија: bit.ly/esd-2024.
- Прочитајте ја приказната за ќерката на Ала, Виолета, во вашето мисионско списание следната седмица.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Цел бр. 2: „Зајакнете го адвентистичкото дело во големите градови, преку прозорецот 10/40, меѓу недосегнатите и недоволно запознаени групи луѓе со адвентистичките учења“. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo 2020.org.

## Брзи факти

- Фудбалот е најпопуларниот спорт во Узбекистан. Традиционалното борење е исто така многу популарно.

  Официјален јазик е узбекистанскиот, но често се користи и рускиот.

пред проповедалната. Проповедникот ги дочекал, но не се откажал. Тој го повторил повикот уште еднаш.

„Дали уште некој друг сака да се јави?" ги повикал насобраните слушатели. Виолета чувствувала како со секој збор што го кажувал да ѝ се обраќа директно на неа.

„Дали да излезам?" си помислила. Пред да сфати, се видела себеси како станува и оди до проповедалната.

„Тоа е тоа", рекол пасторот. „Тоа е личноста што ја чекавме."

Но Виолета не била последната личност што станала и дошла до проповедалната. Кога стигнала до првиот ред, еден 60-годишен човек станал, ѝ пристапил и застанал покрај неа. Заедно ги проучувале основните библиски вистини . „Се колебав", ѝ рекол тој. „Но, кога ве видов како станувате од своето место и се упатувате накај катедрата, се охрабрив и самиот да зачекорам напред".

Виолета се зачудила. Никогаш не би помислила дека нејзината внатрешна борба и крајната одлука би можеле да влијаат на некој друг. Срцето ѝ се исполнило со радост.

Виолета денеска е среќна што тогаш се крстила. Таа вели дека сфатила оти нема никаква причина да чека. Не е потребно да ја знае целата Библија за да се крсти. Сè што требало да направи е да му го предаде својот живот на Исуса и да верува во Него со сето свое срце.

На крајот на краиштата, кога чуварот ги прашал Павле и Сила што треба да направи за да биде спасен, тие одговорија: „Поверувај во Господ Исус Христос, и ќе се спасиш ти и целиот твој дом!" (Дела 16,31)

Виолета е воодушевена и што Бог можел да ја употреби нејзината одлука за да го охрабри шеесетгодишниот човек да се крсти.

Влијанието на нејзината одлука продолжува. Сега и нејзиниот деветгодишен син сака да се крсти. „Сакам да порасне одејќи по вистинскиот пат", вели таа.

Дел од даровите на тринаесеттата сабота од ова тримесечје ќе бидат искористени за отворање на првото адвентистичко основно училиште во Узбекистан, каде синот на Виолета и другите деца ќе можат да се образуваат и да го запознаваат Бога.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни средства на 29-ти јуни.

Ендрју Мекчесни



# Бог навистина постои

**Соња**

УЗБЕКИСТАН | 11 мај 2024



Кога Соња завршила средно училиште, повеќе од сѐ сакала да студира медицина на престижен факултет. Но, за да се запише, таа требала да плати голем поткуп.

Денес, не се бара поткуп за запишување во училиштата во родната земја на Соња, Узбекистан. Но животот бил поинаков кога Соња се подготвувала да оди на факултет.

Таа му кажала на својот татко за нејзината желба да студира медицина на факултетот.

Веднаш изјавил: „Нема да дадам мито".

Сепак, Соња ги пополнила формуларите за упис на факултетот, надевајќи се на најдоброто.

Како што се приближувала нејзината матура, таа им ја кажувала својата желба на роднините, пријателите и наставниците. Сите како да ѝ го поставувале истото прашање: „Дали собра парите за големото мито?"

Соња се загрижила. Го познавала татко ѝ, кога ќе донесе одлука, нема промена. Згора на тоа, тој немал пари за мито, а не се ни трудел да позајми од роднини или пријатели. Тој само се молел на Бога да ѝ помогне да студира медицина.

Се молела и мајка ѝ, која работела како учителка.

Соња не била сигурна што да мисли. Таа одела во адвентистичката црква со своите родители уште од мала, но не била убедена дека Бог е реален.

Дали било доволно само да се моли и да чека?

Мајка ѝ имала идеја. „Мора да се подготвиш за приемниот испит за факултетот, а ние ќе продолжиме да се молиме", рекла таа.

Соња била изненадена. Мајка ѝ рекла дека е неопходно да се обединат молитвите со одреден напор од страна на Соња. Почнала да учи. Но датумот на испитот бил непознат. Кога ги доставила формуларите за прием на универзитетот, дознала дека датумот на полагањето сѐ уште не е одреден.

„Ќе ви се јавиме", рекол службеникот на факултетот.

Соња завршила средно училиште и продолжила да се подготвува за испитот. Поминал еден месец. Поминале два месеца. Родителите на Соња се молеле, а таа учела. Никој не се јавил од канцеларијата на факултетот.

Конечно, кон крајот на летото, Соња се јавила на факултет за да праша за датумот на приемниот испит.

„Мора да дојдете, па тогаш ќе разговараме", рекло лицето што се јавило на повикот.

## Во врска со искуството

- Покажете ја локацијата на Узбекистан на мапата на светот. Потоа прикажете го Ташкент, главниот град на Узбекистан и идната локација на основното училиште, еден од проектите на 13-тата сабота од ова тримесечје.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзите факти од Евроазиската дивизија: bit.ly/esd-2024.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7: „Да им помогнеме на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Знамето на Узбекистан е сино, бело и зелено со тесни црвени ленти. Белата полумесечина во горниот агол го претставува раѓањето на независна република, а 12-те бели ѕвезди ги претставуваат месеците од календарската година.

Таа и нејзината мајка пристигнале на универзитетот во 10 часот наутро. Еден стражар ги запрел на предната порта.

„Сите приемни испити се завршени“, рекол тој.

Соња била шокирана. Тогаш таа станала огорчена. Пријавата ја поднела навреме, но никој не ѝ се јавил да ѝ го каже датумот како што било ветено. Се чувствувала како да го потрошила целото лето учејќи за приемниот испит.

Мајката ја видела неволјата на Соња.

„Дали факултетот ги објави резултатите од приемните испити?“, го прашала чуварот.

„Да“, одговори тој. „Одете таму и ќе видите список на студенти кои се примени“.

Мајка отишла да погледне. Соња одела зад неа. Додека го гледале списокот, Соња одеднаш го забележала своето име.

„Погледни!“ извикала. „Јас сум прифатена! Од многуте студенти кои се пријавиле, таа била примена без поткуп, па дури и без приемен испит.

Сите нејзини сомнежи во Бог веднаш биле отфрлени. Пред да почне наставата на факултетот, таа му го предала своето срце на Исуса со крштевање.

„Ова искуство ме научи дека Бог навистина постои.“

Но, тоа не било крај на приказната. Откако почнала наставата, колегите студенти ја прашувале колку доплатила за да се запише на факултет.

„Ништо“, им рекла таа. „Не морав ни да го полагам приемниот испит. Зачудени, тие прашувале: „Тогаш како воопшто успеа да станеш студент овде?“

„Ја имам најдобрата врска“, одговорила таа.

Подоцна, кога студентите малку подобро ја запознале, дознале дека врската на Соња е Бог. Неколкумина од нив изразиле желба да дознаат повеќе за нејзините верувања и таа формирала група за проучување на Библијата.

Тројца пријатели од групата му ги предале своите срца на Исуса и се крстиле.

Денес, Соња секој ден бара прилика да сведочи некому за својата вера.

„Бог е реален“, изјавува таа.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за отворање на првото адвентистичко основно училиште во Ташкент, Узбекистан.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни средства на 29-ти јуни.

Ендрју Мекчесни






# Чудо на автобуската станица

Чогик и Теи

ГРУЗИЈА | 18 мај 2024

Чогик зборувала четири јазици, но не сакала да чита на ниту еден од нив. Никогаш не сакала да чита и со години не отворила книга. Потоа ја запознала Теи на една селска автобуска станица во поранешната советска република Грузија.

Чогик чекала на автобуската станица кога пристигнала Теи. Теи била пионер на светската мисија, мисионерка која го шири евангелието меѓу луѓето од нејзината сопствена култура во Грузија. И двете жени чекале ист автобус.

„Кога ќе дојде автобусот?“ прашала Чогик. Теи го познавала возачот на автобусот. „Автобусот би требало да стигне за само неколку минути“, одговорила таа. Му се јавив на возачот и тој рече дека се приближува.

Почнале да разговараат.

Набрзо сфатиле дека живеат во ист град на кратка раздалеченост една од друга. Се покажало дека Теи ги познавала мајката, братот, внуците и внуките на Чогик. Им носела храна за време на карантинот поради КОВИД 19.

## Во врска со искуството

- Прикажете ја Грузија на мапата на светот. Потоа покажете го Тбилиси, главниот град, каде што овие две жени одат во црква во сабота; и Калтубо, идната локација на Адвентистичкиот здравствен центар, еден од проектот од даровите на тринаесетата сабота од ова тримесечје.

  Гледајте го краткото видео со Чогик и Теи на YouTube: bit.ly/Chogik-Tei.

- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).

- Преземете ги мисионските објави и брзите факти од Евроазиската дивизија: bit.ly/esd-2024.

  Дознајте повеќе за World Mission Pioneers: bit.ly/GMpioneers.

- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 зборува за концептот на заживување на светската мисија и жртва за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите туку и сите други членови на црквата, млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верници во црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел број 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7: „Да им помогнеме на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Д-р Ваграм Пампајан, американски лекар со ерменско потекло, пристигнал во Тбилиси со својата сопруга и со својот брат во 1904 година и бил првиот официјален мисионер адвентист во Грузија.

Двете жени уживале во разговорот и размениле контакт-информации откако влегле во автобусот. Во текот на следните неколку седмици, тие разменувале текстуални пораки преку мобилен телефон.

На роденденот на Чогик, Теи ја изненадила со подароци, украсен соларник и букет црвени, бели и жолти ружи од нејзината градина.

Чогик била пресреќна што добивала подароци во продавницата во којашто работела како продавачка.

Двете жени наскоро почнале да се посетуваат една со друга. Чогик дознала дека Теи е верник на христијанската адвентистичка црква. Никогаш порано не слушнала за адвентистите на седмиот ден и сакала да дознае повеќе за нив.

Теи дознала дека Чогик знае четири јазици, но не сакала да чита. Дека не отворила книга откако завршила средно училиште, 15 години порано. Теи помислила: „Како можам да ѝ помогнам на Чогик и да ѝ сведочам за Бога, ако таа не ги проверува моите зборови со учењето од Божјата реч?“

Додека Теи размислувала за ова прашање, таа

ја повикала својата нова пријателка на богослужение во адвентистичката црква во главниот град на Грузија, Тбилиси, на кратка оддалеченост со автобус.

Нејзиниот план бил да оди во црква наутро, а потоа да останат на попладневниот семинар за тоа како да им се пренесуваат библиските вистини на луѓето. Таа ја поканила Чогик на утринската служба, мислејќи дека нема да ја интересира попладневната програма, бидејќи не сакала да чита.

Но Чогик била толку задоволна од повикот да оди во Тбилиси, што рекла дека би сакала да го помине целиот ден со Теи. Не сакајќи да ја навреди Чогик, таа се согласила.

Чогик уживала на саботното богослужение. Таа истапила напред кога проповедникот се понудил да се помоли за оние кои сакаата поблиска заедница со Бога.

На попладневниот семинар, група пастири седеле пред катедрата. Црквата била полна со верници кои сакале да научат како најдобро да им ги пренесуваат вистините од Писмото на луѓето.

Еден од пасторите ѝ се обратил на Чогик: „Сестро, дали си крстена?“

„Не“, одговорила таа.

„Ми треба твојата помош“, рекол тој и ја повикал да дојде до проповедалната.

Чогик срамежливо тргнала напред. Теи седнала покрај неа на клупата пред проповедалната, за да се чувствува посигурна.

Потоа пасторот им покажувал како да им сведочат на луѓето и да им ги претставуваат основните библиски вистини, користејќи ја Чогик како пример. Пасторот ја замолил Чогик да ја отвори Библијата за да најде одговори на прашања од материјалот за проучување на Библијата. Таа ја отворила Библијата за прв пат во својот живот. Пасторот ѝ покажал како да ги наоѓа стиховите и да одговара на прашања.

На патот кон дома, Теи ја прашала Чогик што мисли за проучувањето на Библијата.

„Ми се допадна што научив да ги барам одговорите во Библијата“, рекла таа. „Сега се чувствувам многу добро. Чувствувам мир каков што досега не сум почувствувала“.

Теи посегнала во својата чанта и извадила Библија. „Имам подарок за тебе“, ѝ рекла таа.

Чогик ја замолила Теи таа да ѝ држи часови за основни библиски вистини.

Теи била толку среќна. Светиот Дух го направил навидум невозможното. Чогик не само што сакала да чита, туку сакала да ја чита Библијата.

Денес, Теи и Чогик заедно ја проучуваат Библијата, а Чогик го учи петтиот јазик, небесниот вечен јазик на љубовта. И двете жени заедно го слават Бога во сабота.

Во едно интервју, Теи му се заблагодарила на Бога за неочекуваната средба со Чогик на авто-

буската станица. „Сосема случајно ја сретнав Чогик на автобуската станица“, рекла таа. „Но знам дека тоа не беше случајно. Тоа беше големо Божјо чудо“.

Чогик вели дека сè уште не сака да чита книги – со исклучок на Библијата. „Не сакам да читам, но сакам да ја читам Библијата“.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за отворање здравствен центар во Грузија. Ви благодариме што планирате да приложите великодушни дарови на 29-ти јуни.

Ендрју Мекчесни



# Повикување на случајни броеви

**Љубов**

ЕРМЕНИЈА | 25 мај 2024

Љубов повеќе од сè сакала да ја споделува својата љубов кон Исуса со другите луѓе во Ерменија. Но како?

Еден пријател ѝ предложил да сведочи преку телефон. Тоа било во 1995 година, ера многу пред мобилните телефони во поранешната советска република. Таа требало да ги повикува луѓето преку фиксен телефон.

Љубов никогаш не разговарала со непознати луѓе по телефон. Идејата ја исплашила. Таа не знаела од каде да почне. Седум дена се молела Бог да ѝ открие дали е Негова волја таа да сведочи преку телефон.

Додека се молела, во неа полека растела желбата да разговара со непознати луѓе за Бога. Во седмиот ден таа се молела: „Кажи ми на кој број да се јавам“. Потоа повикала случаен број.

„Здраво“, му рекла таа на непознатото лице. „Би сакала да ја проучувам Библијата со вас“.

Одговорот и оние што следеле не биле охрабрувачки. Некои луѓе кои се јавиле на телефон биле вознемирени. Други внимателно би сослушале, но одбивале да ја проучуваат Библијата.

Тогаш Љубов повикала една постара жена по име Олга. Таа се согласила да ја проучува Библијата.

Олга уживала во овие телефонски повици, а овие две жени почнале редовно да разговараат. За време на еден разговор, Олга спомнала дека нејзината свекрва е стара и болна, а таа не е христијанка.

„Оди кај свекрва ти“, ѝ рекла Љубов. „Кажи ѝ за Исуса. Повикај

ја да го прифати Исуса како свој личен Спасител“.

Кога по неколку дена Љубов ѝ се јавила, Олга ѝ рекла дека нејзината свекрва починала. Но, дека постои надеж за неа.

„Тој ден кога разговаравме, отидов кај неа и ѝ кажав за Исуса, таа го прифати Исуса како свој личен Спасител и побара од него да ѝ ги прости гревовите. Таа ноќ свекрва ми спокојно почина“.

Две години подоцна, Олга му го предала срцето на Исуса и се крстила со уште еден роднина.

Љубов била одушевена! Три лица – Олга, нејзината свекрва и уште еден роднина – го прифатиле Христа преку телефон.

Љубов продолжила да телефонира. Една повикана личност почнала да плаче кога Љубов го спомнала Бога.

„Имам ќерка која не се чувствува добро“, ѝ рекла жената липајќи. „Таа има тешка епилепсија. Се чувствува безнадежно. Можете ли да разговарате со неа?“

Пред Љубов да одговори што било, мајката ѝ го подала телефонот на нејзината 23-годишна ќерка, Ала.

Љубов зборувала, но Ала не одговарала. Телефонот бил целосно тивок на другиот крај од линијата. Љубов не била навикната на еднострани телефонски повици, и се молела за помош.

## Во врска со искуството

- Покажете ја локацијата на Ерменија на картата на светот. Потоа прикажете го Ереван, главниот град на оваа земја и идната локација на семејниот центар на влијание, еден од проектите на тринаесеттата сабота од ова тримесечје.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзите факти од Евроазиската дивизија: bit.ly/esd-2024.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 1 зборува за концептот на заживување на светската мисија и пожртвуваност за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите туку и сите други членови на црквата, млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Легендата вели дека христијанството дошло во Ерменија од страна на апостолите Тадеј и Вартоломеј. Во 302 година, Ерменија станала првата земја што го прифатила христијанството како своја државна религија. Денес, 97% од земјата се христијани, од кои 93% припаѓаат на Ерменската апостолска црква.

Кога се јавила следниот пат, ѝ кажала на Ала дека ја читала книгата „Рани списи“ од Елена Вајт и дека ужива во нејзиниот опис на Новата земја. Ала и понатаму молчела.

Љубов ја опишала прекрасната градина што Господ ја подготвува за своите деца на новата земја. Ала молчела. Тогаш Љубов се сетила на еден популарен цртан филм од советската ера, во кој имало прекрасна градина.

„Го знаеш ли тој цртан филм?“ ја прашала таа. На другиот крај избувнала воодушевена смеа. Љубов била изненадена. Тоа бил првиот звук што Ала го направила.

„Знаеш да се смееш!“ извикнала. „Замисли дека Бог ни подготвил градина која е уште поубава од онаа во цртаниот филм.“

Љубов продолжила да зборува за Нова Земја. Потоа слушнала кликнување на линијата и звук на женски глас.

„Извинете“, рекла жената. „Ве слушам веќе некое време. Тоа што го кажувате е многу интересно.“

Ала се насмеала од срце. Зборови на радост се излеале од нејзината уста. Била одушевена што некој неочекувано го прислушувал нивниот разговор.

Тогаш на телефон се јавила мајката на Ала. Била среќна кога ја слуша Ала како зборува и се прашувала што ја натерало да се насмее.

Така, три лица – Ала, нејзината мајка и нивниот сосед почнале да учествуваат во библиското проучување.

Неколку седмици подоцна, на повикот се придружил еден човек. „Извинете“, рекол тој, прекинувајќи го проучувањето на Библијата еден ден. „Ги слушав вашите разговори. Тоа е многу интересно“.

Се претставил како водач од друга христијанска деноминација. Тогаш Љубов имала четири лица со кои ја проучувала Библијата.

По некое време, Ала му го предала своето срце на Исуса и се крстила. Нејзините епилептични напади престанале, и денес таа е активен член на адвентистичката црква.

Љубов му е благодарна на Бога за можноста да сведочи по телефон.

„Многу сум му благодарна на Господа Бога за дарот што ми го даде да им служам на луѓето, особено со непознати, преку телефон.

Дел од даровите на 13. сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за отворање центар на влијание кој ќе им помогне на семејствата да дознаат за Бога во Ереван, каде што живее Љубов, во Ерменија.

---

Ендрју Мекчесни



# Песна

**Виктор**

БЕЛОРУСИЈА | 1 јуни 2024

Виктор бил роден со церебрална парализа во Белорусија. Неговиот мозок не се развил доволно за време на бременоста на неговата мајка, а вроденото нарушување би барало долготраен третман, вклучувајќи физикална терапија, лекови, а можеби и хируршка операција. Третманите би можеле да помогнат, но лекарите рекле дека неговата состојба е неизлечива.

Тој страдал и од епилептични напади. На момчето му била дијагностицирана „инвалид од прва категорија“.

Тоа бил најтешкиот облик на попреченост и инвалидитет признаен од државата.

Виктор се соочувал со мрачна иднина која изгледала уште помрачна кога мајка му го напуштила. Го испратиле да живее во сиропиталиште.

На друг крај на Белорусија, една мајка, верничка на адвентистичката црква, една ноќ се разбудила, слушајќи го плачот на бебето во болница. Слушнала плачење, па тишина, па повторно плачење. Плачот на ова бебе длабоко продрело во нејзиното срце. Таа станала да го побара тоа бебе. Медицинската сестра ѝ го покажала својот мал Данило во детското одделение, велејќи дека мајка му го напуштила.

Оваа жена почувствувала жалост кон напуштеното бебе и тоа утро му се јавила на сопругот.

„Тука има едно бебе“, рекла таа. „Дојди да го видиш.“

Нејзиниот сопруг отишол да го види. По неколку дена, парот отишол да го види момчето уште еднаш. Потоа почнале да размислуваат за тоа да го посвојат.

Таткото и мајката веќе имале пет ќерки, а едногодишниот Данило би станал нивен прв син.

Набргу почнале да зборуваат за посвојување на уште едно дете. Дознале дека Данило има и петгодишен брат со церебрална парализа. Го донеле Виктор дома од сиропиталиштето и го посвоиле.

Виктор слушнал за Бога за прв пат во своето ново семејство. Научил да ја чита Библијата и да се моли. Секоја сабота одел во црква со семејството.

Како што растел, сфатил дека е вистинско Божјо чудо. Чудо било што е жив, па дури има и семејство. Почнал да се труди да ја исполни Божјата волја во својот живот.

Како што минувале годините, Виктор растел и станувал сѐ посилен. Но тој и понатаму имал лекарска дијагноза „инвалид од прва категорија“.

## Во врска со искуството

- Покажете ја Белорусија на картата на светот, главниот град Минск, каде што ќе биде отворен младинскиот центар како еден од проектите на 13. сабота од ова тримесечје.

  Слушајте ја песната на Виктор „Kindness“ на YouTube: bit.ly/Viktor1-ESD.

  Слушнете ја песната на Виктор на Јутјуб, за која самиот тој ги компонирал текстот и музиката „На колку начини“: bit.ly/Viktor2-ESD

- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/b-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзите факти од Евроазиската дивизија: bit.ly/esd-2024.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7: „Да им помогнеме на децата, тинејџерите и младите да го ставаат Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Во 1901 г. било организирано северноруското мисионско поле. Ова ја вклучувало територијата на Белорусија, каде што првите адвентисти ја ширеле радосната вест со помош на адвентистички трактати и друга литература.

  Во 1930-тите од 20-от век, пасторите и верниците адвентисти во Белорусија биле осудени и депортирани на далечниот север или во Сибир. Многу верници се селеле во оддалечените села за да го избегнат прогонството, додека други ја напуштиле црквата.

Кога завршил осмо одделение, немал многу можности да го продолжи образованието. Лекарот му дал два предлога: да научи да поправа чевли или да продава овошје и зеленчук на пазар. Неговата медицинска дијагноза го спречувала да се занимава со некоја напорна работа и со многу други активности.

Виктор не сакал да поправа чевли или да продава свежи производи. Тој се молел Бог да интервенира.

Набргу Бог го направил тоа на неочекуван начин. Лекарите наеднаш изјавиле дека тој повеќе нема дијагноза како „инвалид од прва категорија“. Всушност, лекарите рекле дека тој повеќе не е инвалид. Бил висок, силен и повеќе немал епилептични напади. Тоа било чудо!

Неговиот татко му предложил на Виктор да размисли за кариера во музиката. Тој сакал да пее и често настапувал во црква.

Виктор многу се радувал кога го примиле во музичко училиште. Наскоро тој не само што се занимавал со пеење, туку и со компонирање музика, пишување текстови и свирење на пијано. Наскоро тој организирал и својот солистички концерт на музиката што самиот ја компонирал.

Денес, Виктор не е сигурен што ќе се случи кога ќе

го заврши музичкото училиште. Но би сакал да го продолжи своето образование на музичкиот факултет на универзитетот Заокски во Русија. Како и да е, тој не е загрижен. Тој е сигурен дека Бог има план со неговиот живот.

„Зашто само Јас ги знам замислите, што сум ги смислил за вас, вели Господ, замислите за добро, а не за зло, за да ви дадам иднина и надеж“ (Еремија 29,11).

„Она што Бог го испланирал за мене е мистерија, но знам дека Тој ќе успее сè да изведе на добро“.

Дел од даровите на 13. сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за отворање младински центар на влијание во Минск, Белорусија.

---

Ендрју Мекчесни



# Денот кој промени сè

**Вадим**

БЕЛОРУСИЈА | 8 јуни 2024

Вадим имал 14 години кога мајка му и сестра му загинале во сообраќајна несреќа во Белорусија.

По потресната загуба, таткото почнал да го бара Бога. Тој присуствувал на богослуженијата во адвентистичката црква и набрзо бил крстен.

Тоа биле во деведесеттите, златното време за ширење на евангелието во поранешниот Советски Сојуз.

Распадот на Советскиот Сојуз во 1991 г. ја отвори вратата за верска слобода. Евангелски состаноци се одржувале низ цела Белорусија, Русија и другите поранешни републики на Советскиот Сојуз.

Вадим, кој тогаш имал 15 години, рекол дека татко му може да прави што сака, но дека тој самиот никогаш нема да влезе во адвентистичката црква.

„Нема одам во твојата црква“, рекол тој. Татко му не одговорил ништо.

Четири месеци подоцна, едно саботно утро тој го повикал момчето да дојде во црква со него. Но Вадим не се предомислил.

„Не сакам да одам. Јас нема да одам“.

Но татко му не сакал да се откаже. Знаел дека Вадим можеби не сака да оди во црква, но дека сака нешто повеќе од сè друго на светот. Момчето учело компјутерско програмирање на училиште и сакало да поседува компјутер.

Меѓутоа, компјутерите биле скапи во Белорусија во тоа време.

Таткото рекол дека познава една жена од црквата која поседува компјутер.

## Во врска со искуството

- Покажете ја Белорусија на картата на светот, главниот град Минск, каде што ќе биде отворен младинскиот центар како еден од проектите на 13. сабота од ова тримесечје.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/b-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзите факти од Евроазиската дивизија: bit.ly/esd-2024.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел број 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7: „Да им помогнеме на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- 40% од Белорусија е покриена со шуми.

Европскиот бизон, најголемиот копнеен цицач во Европа, може да се најде во Белорусија, а тоа е белоруското национално животно.

Пет Нобелови награди се доделени на луѓе од Белорусија:
Симон Кузнец за економија во 1971 година;
Менахем Бегин за мир во 1978 година;
Шимон Перес за мир 1994;
Жорес Алферов за физика во 2000 г
Светлана Алексиевич за литература во 2015 г.

Типични белоруски јадења вклучуваат: јаболка, цвекло, круши, грашок, сливи и особено компири.

„Можеме да ја прашаме како го купила“, рекол тој.

Вадим отишол во црква.

На негово изненадување дознал дека верниците се состанувале во домот на една постара госпоѓа, собрани на богослужение околу голема маса.

По пристигнувањето, Вадим му шепнал на татко му: „Каде е жената со компјутерот? Сакам да разговарам со неа“.

Таткото одговорил: „Ајде да разговараме со неа по богослужението“.

Вадим не планирал да остане на целото богослужение. Се надевал дека ќе ја запознае жената таму, ќе разговара за компјутерите и ќе си замине.

Додека седел во саботната школа на богослужението, тој за прв пат слушнал како луѓето пеат песни. За прв пат видел луѓе како се молат на колена. Кога проповедникот проговорил, ја слушнал приказната за посебното пријателство меѓу Давид и Јонатан.

До крајот на богослужението, Вадим целосно ја заборавил причината за своето доаѓање во црква. Повеќе не сакал да разговара со жената со компјутер. Неговото срце било трогнато од сето она што го видел и слушнал.

По таа сабота, тој доаѓал во црква секоја сабота.

Почнал да ја празнува саботата. Ја читал Библијата и „Копнежот по вековите“ од Елена Вајт. Тој станал нова личност.

Едно богослужение му го променило животот.

Дошол во црква за да дознае како да купи компјутер, а од неа си заминал со нов живот.

Една година подоцна, кога имал 16 години, му го предал своето срце на Исуса со крштевање.

Следната година, тој отишол на адвентистичкиот универзитет Заокски во Русија да студира теологија.

Денес, Вадим Деркач е пастор и водач на адвентистичката црква на седмиот ден во Белорусија. Тој служи како извршен секретар на Белоруската унија.

Што станало со неговата желба да поседува компјутер?

Тој со насмевка одговара: „Купив компјутер – но подоцна“.

Дел од даровите на тринаесеттата сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за отворање младински центар на влијание, кој ќе го води Вадим.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни средства на 29-ти јуни.

---

Ендрју Мекчесни



# Ова е вистинско време за сведочење

**Алина**

РУСИЈА | 15 јуни 2024

Една од омилените активности на Алина како ученичка во христијанското училиште Заокски во Русија е организирање на годишната новогодишна програма.

Секоја година децата од училиштето имаат можност да учествуваат во претстава за Христовото раѓање, која се организира за стотици деца од нивниот град Заокски и пошироката околина.

Децата кои доаѓаат на оваа новогодишна програма учат и како да прават разни ракотворби и си одат дома со подароци со благи работи. Тоа е мисионска програма која има за цел да допре до срцата на младите со Исусовата љубов.

Сите со нетрпение ја очекуваат новогодишната програма, настан  кој  училиштето Заокски го започна во 2003 година.

Учениците чекаат да учествуваат во програмата. Децата од градот чекаат и тие да бидат во програмата. Родителите и другите исто така со нетрпение го очекуваат овој голем настан.

## Во врска со искуството

- Покажете ја Русија на карта на светот. Потоа покажете го Заокски, 130 километри јужно од Москва. Христијанското училиште Заокски доби дел од средствата од дарот на 13-тата сабота во 2021 година. Тие средства беа употребени за изградба на нова школска зграда. Потоа покажете го Салехард, на крајниот север на Русија, кој ќе добие дел од даровите на тринаесеттата сабота од ова тримесечје за отворање на духовен и социјален центар.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/b-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзите факти од Евроазиската дивизија: bit.ly/esd-2024.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел број 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7:„Да им помогнеме на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

Првата мисионска активност на адвентистичката црква во Руското царство се случило на Крим, кога руските емигранти ги испратиле адвентистичките литературни евангелисти од САД назад во нивната татковина. Првата адвентистичка црква била организирана во 1886 година.

Првиот мисионер адвентист во Русија бил Л.Р. Конради, кој пристигнал во 1886 година од Германија. Тој бил уапсен поради „ширење ерес“ на неговото прво крштевање.

Алина почнала да учествува во програмата кога имала 11 години. Таа во тоа време не била ниту ученичка во христијанското училиште Заокски. Но таа сакала да учествува, па помогнала во поставувањето и украсувањето на елката.

Пет години по ред, Алина учествувала во програмата. Но, кога дошла шестата година, таа не била сигурна дали ќе може да учествува. Била болна. Се грижела дека нема да биде доволно силна за да оди. Таа се молела: „Дај ми сила да можам да го славам Твоето име во претстојната програма“.

Нејзиното ниво на стрес се зголемувал како што се приближувал датумот на приредбата. Била загрижена дека нема да може да учествува.

Но, кога дошол големиот ден, таа се чувствувала совршено добро. Првиот ден поминал совршено добро. Таа уживала да ги гледа насмевките на децата и возрасните додека тие им се заблагодарувале на учениците од христијанското училиште Заокски кои учествувале во програмата.

Пред неа дошло семејство со четири деца. Сакала да се сликаат со неа. Таа среќно се согласила.

Мајката на тие деца прашала: „Зошто ја правите оваа програма и трошите толку време и пари на непознати луѓе?“

Алина стоела тивко некое време, размислувајќи како да одговори. Која била причината што таа со радост учествува во програмата во последните шест години? Конечно таа проговорила.

„Секој човек кој вистински го сака Бога, го сака и својот ближен и сака да ја сподели Божјата љубов правејќи добри дела“, рекла таа.

Алина имала подолг разговор со семејството. Таа им раскажала за христијанското адвентистичко училиште Заокски. Таа им кажала за извидничкиот и авантуристичкиот клуб во нејзината црква и ги повикала децата да присуствуваат.

Родителите ги донеле своите момчиња, кои биле на соодветна возраст, на следниот состанок на извидниците. Момчињата присуствувале на состанокот, но потоа престанале да доаѓаат.

Алина не знае што се случило со ова семејство и не знаела како да стапи во контакт со нив. Сепак, таа не е загрижена. Сигурна е дека семето е засадено во нивните срца. Таа верува дека Бог ќе направи семето да порасте и дека ќе ги привлече нивните срца кон Себе. Впрочем, апостол Павле рекол: „Јас посадив, Аполос полеа, но Бог направи да израсне. Затоа, ниту оној кој сади е нешто, ниту, пак, оној што полева, туку Бог, Кој прави да израсне“ (1. Коринќаните 3,6.7).

Нејзината улога била само да го запознае семејството со Бога.

„Ова беше мојот прв пат да сведочам за Бог самата“, вели Алина. „Беше навистина убаво што Господ ми даде сила да бидам со добро здравје и да можам да разговарам со ова семејство. Толку сум среќна што имав можност да ја покажам Неговата љубов“.

Алина додава дека научила дека е важно да не се плашите да зборувате за Бога.

„Дури и кога силата ќе нѐ изневери, Бог е близу и ни дава сила. Ние само треба да веруваме во Него“.

Ви благодариме за даровите на тринаесеттата сабота што беа употребени за изградба на нова училишна зграда пред три години.

Дел од даровите од ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на духовен и социјален центар во Салехард, на рускиот далечен север.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни средства на 29-ти јуни.

Ендрју Мекчесни



# Училиште полно со чуда

**Рувим**

РУСИЈА | 22 јуни 2024

За Рувим, христијанското училиште Заокски било училиште на чуда.

Адвентистичкото основно училиште и гимназија, кои се наоѓаат на кампусот на адвентистичкиот универзитет Заокски во Русија, добија дел од даровите на Тринаесеттата сабота пред три години. Средствата беа искористени за изградба на нова училишна зграда, за да може училиштето да ги пресели учлниците од тесниот простор на зградата на универзитетот.

Но, за Рувим, ова училиште е повеќе од чудо на проектите на Тринаесеттата сабота.

Долго пред да се соберат средствата, тој и неговата сопруга Аљона дошле да го посетат Заокски, градот во кој се наоѓа училиштето. Младиот пар немал деца, но Аљона имала пријатели чиишто деца оделе во христијанското училиште Заокски. Таа била импресионирана од доброто влијание што училиштето го имало врз нивниот живот.

„Би било одлично да имаме деца и тие да се школуваат во училиштето Заокски“, рекла таа.

Рувим се согласил. Немало адвентистичко училиште каде што тој би можел да служи како пастор во јужна Русија.

Во нивните срца била всадена таа желба. Но, сонот се чинел невозможен и набрзо заборавиле на тоа.

Поминале 6 години, а Рувим добил повик од директорот на училиштето Заокски. На училиштето му требало капелан. Дали ќе се пресели со семејството во училиштето?

Рувим веднаш се сетил на сонот кој изгледал толку далечен и недостижен. Аљона и тој сега имале три сина, а се преселиле во Заокски токму во време кога нивниот најстар син требало да се запише во прво одделение во основно училиште.

За Рувим тоа било чудо. Неговиот син можел да оди во адвентистичко училиште.

Две седмици по почетокот на учебната година, Рувим основал една вечерна група каде што децата можеле да ја проучуваат Библијата. Присуството на предавањата не било задолжително, но децата можеле да имаат дополнителна полза од присуството и учеството на предавањата.

Шест од 210 ученици во училиштето дошле на првото 45-минутно библиско проучување студија во четврток навечер. Момчињата и девојчињата се собрале во круг во една од училниците.

Рувим го водел проучувањето за една од доктрините на адвен-

тистичката црква. Тој поставувал прашања, а децата ги отвориле своите Библии за да ги најдат одговорите. Потоа, Рувим им испратил е-пошта со копија од лекцијата која требало да ја пополнат дома и да му ја испратат назад на проверка.

Групата за проучување на Библијата растела како што другите деца дознавале за неа. Меѓу оние кои се придружиле на оваа група имало и тинејџер кој бил зависник од електронски цигари. Наставниците во училиштето го предупредиле дека ќе се соочи со исклучување од училиштето доколку не се откаже од таа навика.

Самиот доброволно дошол во групата за проучување на Библијата. Постепено, благодарение на присуствувањето на состаноците во групата, тој се откажал од пушењето и станал еден од најактивните момчиња во таа група.

На крајот на семестарот, пет деца од групата му го предале своето срце на Исуса.

Рувим со радост го гледал крштавањето на четири девојчиња и едно момче. За него тоа било уште едно чудо во христијанското училиште Заокски.

Групата за проучување на Библијата се зголемила во текот на следниот семестар кога се придружиле уште седум деца.

## Во врска со искуството

- Покажете ја Русија на карта на светот. Потоа покажете го Заокски, 130 км јужно од Москва. Христијанското училиште Заокски доби дел од средствата од дарот на тринаесеттата сабота во 2021 година. Тие средства беа употребени за изградба на нова школска зграда. Потоа покажете го Салехард, на крајниот север на Русија, кој ќе прими дел од даровите во тринаесеттата сабота од ова тримесечје за отворање на духовен и социјален центар.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/b-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзите факти од Евроазиската дивизија: bit.ly/esd-2024.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел број 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7: „Да им помогнеме на децата, тинејџерите и младите да го ставаат Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

Руската мисија била првата адвентистичка црковна единица на руска територија. Основана е во 1890 година.

Денес Русија има 451 црква, 331 група и 31.517 членови.
Во популација од 120.510.000, тоа е еден адвентист на секои 3.824 луѓе.

Во моментов осум деца, на возраст од 13 до 16 години, се подготвуваат за крштевање.

За Рувим тоа било најновото чудо во училиштето. Биле неописливо среќен. „Мило ми е што Господ ме донесе во Заокски да бидам жив инструмент во Неговите раце.“

Ви благодариме за даровите на тринаесеттата сабота што беа употребени за новата училишна зграда пред три години.

Дел од даровите од ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на духовен и социјален центар во Салехард, на рускиот далечен север.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни средства на 29-ти јуни.

Ендрју Мекчесни

## Програма на 13-тата сабота
## 30 септември 2023

| | |
|---|---|
| **Почетна песна** | „На вечната стена ѕидаме“, песна бр. 158 од песнарката на Христијанската адвентистичка црква |
| **Добредојде** | Водачот на саботната школа |
| **Молитва** | |
| **Програма** | „Глас од никаде“ |
| **Дар** | |
| **Завршна песна** | „Силно свети милост Божја“, песна бр. 216 од песнарката на Христијанската адвентистичка црква |
| **Завршна молитва** | |

*Забелешка: (Учесниците не мора да ги знаат напамет нивните делови, туку да бидат доволно запознаени со материјалот, за да не мора да читаат сѐ од скриптата. Вежбајте ја целокупната прогрпрама, за да можааат учесниците да се чувствуваат пријатно и, по потреба да го нагласат она што сметаат дека е важно.)*



# ГЛАС ОД НИКАДЕ

**Лилија**



Лилија не верувала во Бога. Таа дури и не размислувала за религијата. Таа пораснала во земја каде што се чинело дека никој не верува во Бога ниту, пак, размислува за верата. Таа живеела во Советскиот Сојуз. Затоа за неа било големо изненадување кога и се обратил глас од никаде.

Лилија имала 23 години и била сама дома во Ташкент, главниот град на советската република Узбекистан. Нејзиниот сопруг Јури бил отсутен.

Деноноќно била загрижена за некои семејни проблеми. Сега повторно се грижела и ѝ дошла мислата: „Мора да се преселиме“.

„Да“, рекла таа гласно. „Мора да се преселиме.“

Во истиот момент почувствувала благ допир на нејзиното рамо. Еден мек глас рекол: „Тоа е апсолутно точно!“

Лилија инстинктивно погледнала во низ собата околу себе. Но, била сама и не видела никого. Гласот бил толку сладок што таа не се исплашила. Тоа го прифатила како потврда дека таа и Јури мора да се преселат.

Кога Јури се вратил дома, Лилија го известила дека е време да се преселат.

Парот на крајот се преселил далеку на советскиот далечен север, точно на Арктичкиот круг.

На едно толку зафрлено место, имало многу малку што да се работи, освен работата и разговорите со соседите. Лилија и Јуриј работеле и разговарале со соседите, а набргу станале блиски пријатели со друга брачна двојка, Љуба и Валентин.

Поминале години, а нивното пријателство растело.

Потоа се распаднал Советскиот Сојуз, а Љуба и Валентин се преселиле. Но овие брачни двојки останале во контакт. Љуба се заинтересирала за Библијата и го споделила она што го научила со Лилија.

Прво, таа рекла дека во нејзиниот ум се вртеле прашања за тоа кој ден од седмицата е вистинскиот Божји ден, кој треба да се празнува. Таа отишла кај свештеникот по одговор, но тој не можел да ѝ докаже од Библијата дека неделата е Божји ден за одмор. Така таа во својот очај му се молела на Бога: „Ако си вистински, откриј ми се. Сакам да те запознаам“.

Кратко време подоцна, на автобуска станица, видела рачно напишана реклама во која се нуделе библиски проучувања. Отишла на дадената адреса и тука била собрана група адвентисти

## Во врска со искуството

- Прикажи ги локациите на проектот на тринаесеттата сабота на карта.

Знајте дека Салехард е единствениот град на Арктичкиот круг. Градот е основан во 1595 година и има 50.000 жители.

- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/b-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзите факти од Евроазиската дивизија: bit.ly/esd-2024.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Пред 13-тата сабота

- Потсетете ги сите дека нивните мисионски приноси се дарови за ширење на Божјата реч низ целиот свет и дека 1/4 од средствата на тринаесеттата сабота ќе бидат употребени за пет проекти во Евроазиската дивизија.

Пред или по приказната, користете ја мапата за да ги прикажете земјите од Евроазиската дивизија – Ерменија, Белорусија, Грузија, Русија и Узбекистан. Мисионската карта со проекти можете да го преземете на Фејсбук на: bit.li/fb-mk .

на седмиот ден. Нејзините прашања за тоа кој е вистинскиот Божји ден добиле одговор од Библијата и таа набрзо му го предала своето срце на Исуса со крштевање.

Љуба возбудено ѝ раскажала на Љилија за нејзината новооткриена вера.

Лилија спремно ги прифатила библиските вистини што го споделила Љуба. Но, самата таа не верувала во нив. Таа не го познавала Бога, ниту гледала дека има некаква причина да го следи или да ја празнува саботата.

Тогаш Љуба и нејзиниот сопруг останале без работа и минувале низ тешки времиња. Лилија се прашувала дали можеби згрешила што обрнала внимание на тој тивок глас и го напуштила Узбекистан.

Еден ден се пожалила за својот живот на некоја непозната жена на улица. Следниот ден во домот на Лилија дошла оваа непозната жена по име Наѓа, носејќи полна торба домашни компири и моркови. Лилија била зачудена и сакала да ѝ се заблагодари и да ѝ возврати. Таа со своите скудни средства купила некои намирници и ги однела кај Наѓа.

Се создало длабоко пријателство и Лилија била изненадена кога дознала дека животот на Наѓа е многу потежок од нејзиниот. Сопругот на Наѓа починал еден месец порано, оставајќи ја сама со 10 деца кои треба да ги храни и да ги одгледува. Сепак, Наѓа била исполнета со мир и радост. Лилија дознала дека Наѓа е адвентистка на седмиот ден.

Сега Лилија познавала две вернички на адвентистичката црква: Љуба и Наѓа.

Наѓа ѝ ја дала Библијата на Лилија, а таа почнала да ја чита.

Во меѓувреме Љуба ѝ сведочела за сопственото духовно патување, а и таа ѝ испратила Библија.

Сега Лилија имала две Библии. Открила дека библиски стории се фасцинантни. Но, таа не верувала целосно. Таа не го познавала Бога.

Тогаш Љуба дошла да ја посети Лилија. Ја однела во новоотворената адвентистичка црква во градот, и Лилија почнала да присуствува на богослуженијата секоја сабота.

Со текот на времето, таа остарела и станала баба. Уживала во саботните богослуженија и во дружењето. Но таа немала свој личен однос со Бога. Таа не го познавала Бога.

Потоа се случила трагедија. Ќерката на Лилија го изгубила бебето непосредно пред породувањето. Потоа ја изгубила и втората бременост. Потоа повторно забременила и почнала да се соочува со компликации. Лилија веќе не можела да молчи. Таа гласно плачела и му се молела на Бога: „Господи, спаси го ова дете! Не дозволувај да умре." Тогаш таа дала завет, велејќи: „Те прифаќам и Ти го предавам моето срце со крштевање ако го спасиш ова дете".

Неколку месеци подоцна се родило здраво бебе по име Степан. Лилија го одржала својот збор. Таа се крстила шест месеци подоцна.

Денес, таа има своја вера. Таа го познава Бога. Верува дека небесниот глас ја охрабрил да го напушти Узбекистан.

Кога се преселила, ги запознала нејзините пријатели адвентистките Љуба и Наѓа. Затоа што се преселила, добила две Библии и почнала да ги чита. Затоа што се преселила, ја нашла верата во Бога. Поминале 26 години од денот кога го слушнала тивкиот глас во Узбекистан до денот кога била крстена на рускиот далечен север.

Денес таа има 69 години. Секоја сабота оди во црква со својата ќерка, која се вика Љуба, и со десетгодишниот внук Степан. Се моли и нејзиниот сопруг и другите роднини да стекнат вера и да поверуваат во Бога еден ден. Таа верува дека тоа ќе се случи. Љуба го познава Бога и знае дека Тој ги слуша нејзините молитви.

## Брзи факти

- Русија е најголемата земја во светот, зафаќајќи површина поголема од една десетина од сите други земји на Земјата. Опфаќа 11 временски зони, на два континента (Азија и Европа) и има брегови на три океана (Арктик, Атлантик и Тихиот океан).
- Најпознатото руско животно е сибирскиот тигар, најголемата мачка во светот. Може да порасне до 3 метри и да тежи 300 кг.
- Традиционално руско јадење познато низ целиот свет е боршч, чорба од цвекло со зелка, моркови, кромид, компири и павлака, чести производи од руските јадења.
- Меѓу познатите Руси е Марк Шагал, модернистички сликар; Антон Чехов, драматург; Михаил Баришников, балетан; Петар Чајковски, композитор; Гари Каспаров, шахист; и Михаил Горбачов, политичар.

Дел од даровите на денешната тринаесетта сабота ќе биде употребен за отворање на духовен и социјален центар во градот Салехард на Љила, на крајниот север на Русија. Овие средства ќе помогнат и на четири други проекти во Евроазиската дивизија. Тие се: центар на влијание во Ереван, Ерменија, каде што семејствата ќе можат да го запознаваат Бога. Потоа, младински центар на влијание во Минск, Белорусија; здравствен центар во Калтубо, Грузија; и изградба на првото адвентистичко основно училиште во Ташкент, Узбекистан.

Ви благодариме за великодушните средства што ќе ги придонесете денес, кои ќе помогнат во ширењето на Евангелието во Евроазиската дивизија.

*(Приложување на даровите придружено со инструментална музика)*

## Идни проекти на 13. сабота

Проекти на 13-тата сабота следното тримесечје ќе бидат следните 6 проекти во Интерамериканската дивизија:

- Изградба на центар за влијание за деца со посебни потреби во Буенавентура, Колумбија.
- Изградба на центар за влијание за деца со посебни потреби во Пуерто Техада, Колумбија.
- Изградба на центар за влијание за деца со посебни потреби во Лимон, Костарика.
- Изградба на основното училиште „Ебенезер“ во Росо, Доминиканска Република.
- Изградба на центар на влијание за да се досегне побогатата класа во Ксалапа, Мексико.
- Изградба на центар на влијание за да се досегне побогатата класа во Оахака, Мексико.

## Мисионско катче

- **Помогнете ни да допреме до 66% од светската популација која сè уште чека да го искуси спасоносното знаење за Исус. Вашата поддршка со мисионските дарови помага да дојде до промена во животот на луѓето.**
- **За да се осигуриме средствата за мисијата никогаш да не пресушуваат, посетете ја интернет страницата: Giving.AdventistMission.org.**
- **Посетете ја нашата Фејсбук страница и преземете ги дополнителните материјали за мисијата.**

# ИЗВОРИ ЗА ВОДАЧИТЕ

Не заборавајте да го преземете вашето бесплатно видео Mission Spotlight, кое содржи извештаи од Западноцентралната африканска дивизија и пошироко. Преземете или проследете ја веб-страницата на Адвентистичката мисија на bit.ly/missionspotlight.

## Онлајн информации

Следниве се извори на информации можат да бидат корисни при подготовката за вестите во саботната школа. За повеќе информации за културите и историјата на земјите претставени во ова тримесечје, посетете ги:

Веб-страници

| | |
|---|---|
| Ерменија: government website | www.gov.am/en/ |
| Armenia Travel | bit.ly/ArmeniaTravel |
| National Geographic | bit.ly/Armenia_NatGeo |
| Белорусија: government website | bit.ly/BelarusGovt |
| Belarus Travel | bit.ly/BelarusTrav |
| World Travel Guide | bit.ly/WorldTravGuide |
| Грузија: government website | bit.ly/GeorgiaGovt |
| Georgia Travel | bit.ly/Georgia_Travel |
| Lonely Planet | bit.ly/LP_Georgia |
| Русија: government website | bit.ly/RussiaGovt |
| Lonely Planet | bit.ly/LP_Russia |
| WikiVoyage | bit.ly/WV_Russia |
| Узбекистан: government website | www.gov.uz/en |
| Condé Nast | bit.ly/CN_Uzbekistan |
| National Geographic | bit.ly/NatGeo_Uzbekistan |
| Адвентисти на седмиот ден | |
| Euro-Asia Division | bit.ly/SDA_ESD |
| Armenian Field | bit.ly/SDA_ArmField |
| Belarus Union of Churches Conference | bit.ly/SDA_BUCC |
| West Russian Union Conference | bit.ly/SDA_WRUC |
| Zaoksky Adventist University | bit.ly/SDA_ZAU |

Планирањето ќе помогне вниманието да се фокусира на светската мисија и да се зголеми седмичното мисионско дарување. Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања. Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота). Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел. Потсетете ги верниците исто така дека активностите на светската црква зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица. Оваа информација за собраните средства мнозина ќе охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.

## ЕВРОАЗИСКА ДИВИЗИЈА

| УНИИ | ЦРКВИ | ГРУПИ | ЧЛЕНОВИ | ЖИТЕЛИ |
|---|---|---|---|---|
| Белорусија | 997 | 628 | 117,948 | 27,338,000 |
| Кавказ | 142 | 132 | 16,518 | 31,719,000 |
| Источна Русија | 714 | 661 | 171,839 | 47,395,656 |
| Далекоисточна унија | 217 | 387 | 28,779 | 94,565,000 |
| Молдавија | 1,027 | 1,125 | 198,113 | 15,345,335 |
| Јужна унија | 277 | 385 | 51,594 | 101,513,800 |
| Западна Русија | 1,036 | 1,241 | 182,590 | 17,027,665 |
| Додадени поља | 144 | 171 | 43,580 | 26,818,000 |
| Кримска мисија | 318 | 476 | 61,505 | 62,489,544 |
| Грузија | 68 | 87 | 16,730 | 47,850,000 |
| **ВКУПНО** | 4,940 | 5,293 | 889,196 | 472,062,000 |

### ПРОЕКТИ

1. Центар на влијание за млади, Минск, Белорусија
2. Здравствен центар, Тскалтубо, Грузија
3. Центар на влијание за семејствата, Ереван, Ерменија
4. Духовен и социјален центар, Салехард, Русија
5. Основно училиште, Ташкент, Узбекистан




# АДВЕНТИСТИЧКА МИСИЈА

**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА**
**2/2024**

**Вести од светот**

**Излегува тримесечно**

**Издава:**

Управниот одбор на Христијанската адвентистичка црква во Р. Македонија

**Превод и техничка подготовка:** Мелита Томовска

**Одговара:** Томе Трајков

www.adventisti.mk

ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА